**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**
**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**
**СКОПЈЕ**
бул. „Гоце Делчев“ бр. 9А, 1000 Скопје, Р. Македонија
Деканат: +389 2 3240 401, Централа: +389 2 3240 400
Факс.: +389 2 3223-811

Универзитет "Св. Кирил и Методиј"
Филолошки факултет "Блаже Конески"
Бр. 01-1205/2
13. 9. 2016 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 ст.1 од Законот за заштита на укажувачи и Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите од јавниот сектор, Деканатската управа на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје на својата 72. редовна седница одржана на 13.9.2016 година донесе

# П Р О Ц Е Д У Р И
## за заштитено внатрешно пријавување на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје

### I - Општи одредби

Член 1

Со овие Процедури се уредува начинот на вршење прием на пријави заради разумно сомневање или сознание дека на Факултетот е извршено, се извршува, или е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или се загрозува јавниот интерес.

Член 2

Укажувач за постоење на дејствие од членот 1 на овие Процедури може да биде секое лице кое:
- има засновано работен однос на неопределено или определено време на Факултетот;
- е кандидат за вработување, кандидат за волонтер или практикант на Факултетот;
- е или било волонтер или практикант на Факултетот;
- по било кој основ е или било ангажирано за извршување на работа на Факултетот;
- по било кој основ е или било во деловен однос или друг однос на соработка со Факултетот;
- користи или користело услуги на Факултетот;

Член 3

Како јавен интерес кој се повредува или загрозува со дејствијата кои се пријавуваат врз основа на овој Правилник, се смета заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Македонија, спречување на ризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото, владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата.

Член 4

Заради овозможување на вработените да го користат правото на пријавување на дела согласно одредбите од Законот за заштита на укажувачи, во ниту еден договор или акт со кој се уредуваат работните односи и ангажмани, нема да постои одредба со која се